UDK 37

ISSN 2545 – 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

Vol. 44.3

Invited Scientific Papers

KNOWLEDGE - CAPITAL OF THE FUTURE

KIJ Vol. 44 No. 3 pp. 219 - 313 Skopje 2021

# KNOWLEDGE

## INTERNATIONAL JOURNAL

# INVITED SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 44.3

*February, 2021*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**
**SKOPJE**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific Papers Vol. 44.3

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Cezar Birzea PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Milka Zdravkovska PhD, Drago Cvijanovic PhD, Predrag Trajković PhD, Lazar Stosic PhD, Krasimira Staneva PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Daniela Todorova PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Zoran Srzentić PhD, Sinisa Opic PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 44.3**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (N. Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (N. Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Faculty of economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Aneta Mijoska PhD, Faculty of Dentistry, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Artan Nimani PhD, Rector, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ali Hajro, PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Darijo Jerkovic PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Daniela Todorova PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

- Prof. Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Fadil Millaku, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University “Hasan Prishtina”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (N.Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Ibrahim Obhodjas PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Blazhevski, PhD, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jamila Jaganjac PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy “Vassil Levski”, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Krasimira Staneva PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Łukasz Tomczyk PhD, Pedagogical University of Cracow (Poland)

- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lulzim Zeneli PhD, University of Gjakova "Fehmi Agani" (Kosovo)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N.Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University "Prof. Asen Zlatarov", Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Marija Magdinceva – Shopova PhD, Faculty of tourism and business logistics, University "Goce Delchev", Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Mihajlo Petrovski, PhD, Faculty of Medical Sciences, University "Goce Delchev", Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
  Prof. Marijan Tanushevski PhD, Macedonian Scientific Society, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy "Mihailo Apostolski", Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)

- Prof. Nikola Sabev, PhD, Angel Kanchev University of Ruse, Ruse (Bulgaria)
- Prof. Nonka Mateva PhD, Medical University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Nano Ruzhin PhD , Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Petar Kolev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rossana Piccolo PhD, Università degli studi della Campania - Luigi Vanvitelli (Italy)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
  Prof. Rumen Tomov PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski PhD, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N. Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College "Biznesi", Prishtina (Kosovo)
- Prof. Temelko Risteski PhD, Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Todor Krystevich, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Violeta Dimova PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Vojislav Babic PhD, Institute of Sociology, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Vjollca Dibra PhD, University of Gjakova "Fehmi Agani" (Kosovo)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## REVIEW PROCEDURE AND REVIEW BOARD

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 63 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

**CONTENTS**

EXAMINING BUSINESS COMMUNICATION ACROSS COVID-19 ... 233
Beba Bajalski ... 233
Nevenka Popović Šević ... 233
THE EFFECT OF THE COVID-19 PANDEMIC ON THE GENDER PERSPECTIVE OF LABOR RELATIONS ... 239
Makedonka Radulovic ... 239
Biljana Todorova ... 239
VALUE CATEGORIES DETERMINING THE INFLUENCE OF MOBILE OPERATOR ADVERTISING ON YOUNG PEOPLE ... 245
Lyubomira Spasova ... 245
THE CULTURE OF SOCIAL RESPONSIBLE INNOVATION MODEL ... 253
Yanica Dimitrova ... 253
PARTNERSHIP AS A DOMINANT APPROACH OF THE SCHOOLS' RELATIONS ... 259
Besa Dogani ... 259
INVESTIGATION OF THE ROLE OF THE PRIMARY TEACHER TO MOTIVATE STUDENTS TO PARTICIPATE IN THE LEARNING PROCESS ... 265
Mariya Aleksieva ... 265
THE ROLE AND IMPACT OF DIGITIZATION IN THE EDUCATION OF ELEMENTARY SCHOOL STUDENTS ... 271
Kenela Zuko ... 271
Adnana Muratspahić ... 271
CHARACTERISTICS OF STUTTERING-LIKE DISFLUENCIES IN CHILDHOOD STUTTERING 275
Miglena Simonska ... 275
ONLINE SUPPORT GROUP AS A METHOD OF SOCIAL WORK ... 281
Maria Dishkova ... 281
THE ROLE OF THE ENGLISH LANGUAGE IN INTERNATIONAL TRADE AND BUSINESS - A CASE STUDY: UNION SHPK – PRISTINA AND THE NORTH UNICORN LLC- PRISTINA ... 287
Husamedin Çesko ... 287
Isa Spahiu ... 287
TEACHING THE AESTHETIC MEANING OF MUSICAL FORMS ... 291
Krasimira Georgieva Fileva – Ruseva ... 291
PROMOTION OF CULTURAL HERITAGE AND ITS IMPACT ON TOURISM DEVELOPMENT - WITH A FOCUS ON THE PRIZREN REGION ... 299
Bukurije Borovci ... 299
Alberta Tahiri ... 299
Idriz Kovaci ... 299
DESIGN OF CUSTOMER EXPERIENCES AS A COMPETITIVE ADVANTAGE ... 305
Pavlina Vodenova ... 305
Maya Ivanova ... 305
CONSUMER BEHAVIOR TOWARDS THE TOURIST OFFER IN KOSOVO - WITH A FOCUS ON THE DEVELOPMENT OF MOUNTAIN TOURISM ... 309
Bukurije Borovci ... 309
Alberta Tahiri ... 309
Idriz Kovaci ... 309

# THE EFFECT OF THE COVID-19 PANDEMIC ON THE GENDER PERSPECTIVE OF LABOR RELATIONS

**Makedonka Radulovic**
Faculty of philosophy, University ss. Cyril and Methodius, N. Macedonia, radulovic@fzf.ukim.edu.mk
**Biljana Todorova**
Faculty of law, University Goce Delcev, Stip, N. Macedonia, Biljana.todorova@ugd.edu.mk

**Abstract**: Families today face many challenges such as: poverty, unemployment, social protection, problems in marriage and parenthood, gender inequality, domestic violence, work-family balance, etc. Although these challenges are a burden on all family members, gender inequality and stereotypes in our society increase the pressure on women. Today, when we face the coronavirus pandemic, these challenges are gaining new meaning and need further analysis.

The effects of the coronavirus are far-reaching than family health. This epidemic has negative effects on the financial situation, children's education, work performance, social life and family relationships. Many people have lost and are losing their jobs, and many already have significant wage cuts. Particularly affected sectors are education, production, care and nursing of children and the elderly, tourism and catering, hygiene, etc. That is, activities in which women are mainly employed. Women also have less access to social protection and will bear a disproportionate burden on the care economy in the event of school closures or care systems. This increases the economic insecurity of women, especially the vulnerable categories of women such as: single mothers, victims of domestic violence, women from rural areas and women from minority groups in our country.

The period of quarantine, isolation, social distance and closure or restriction of working hours of many institutions has complicated the position of many women. Many of the workers were, and are, forced to work from home. In addition, schools, kindergartens and other childcare centers were completely closed at certain times or worked part-time, and the need for social distance reduced the support of the closest family (grandparents and other relatives). Woman are put in the position to take care of children and the home while performing work tasks at the same time. If we take into account that most of the responsibilities in the home are performed by women, it can be concluded that the volume of unpaid work and the responsibilities between which women must balance increases and that widens the gender gap in the country.

Given the seriousness of the consequences caused by the covid-19 pandemic and the uncertainty about its duration, there is a need to revise the legislation and documents related to women and their work engagements, primarily the Law on Labor Relations and the package of measures.

This paper aims to provide an analysis of the effects of the covid-19 pandemic on women's labor, to point out the needs from a gender perspective in creating policies and instruments to help and support women, and to make recommendations to improve the balance between work and family in times of crisis and generally ...

**Keywords**: covid-19 pandemic, labor relations, gender, work-life balance, gender inequality.

# ЕФЕКТИТЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 ВРЗ РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

**Македонка Радуловиќ**
Филозофски факултет, Универзитет св. Кирил и Методиј, Скопје, **radulovic@fzf.ukim.edu.mk**
**Билјана Тодорова**
Факултет за правни науки, Универзитет Гоце Делчев, Штип, **biljana.todorova@ugd.edu.mk**

**Резиме:** Семејствата денес се соочуваат со многу предизвици како: сиромаштија, невработеност, социјална заштита, проблеми во бракот и со родителството, родова нееднаквост, семејно насилство, баланс помеѓу работата и семејството, итн. Иако овие предизвици претставуваат товар на сите членови во семејството, родовата нееднаквост и стереотипите во нашето општество го зголемуваат притисокот врз жените. Денес, кога се соочуваме со пандемијата на корона вирусот овие предизвици добиваат ново значење и потреба од анализа.

Ефектите од корона вирусот се далекусежни и го надминуваат семејното здравје. Оваа епидемија има негативни ефекти врз финансиската состојба, образованието на децата, работните перформанси, социјалниот живот и семејните односи. Многу луѓе ги изгубија и ги губат работните места, а голем дел веќе имаат

значително намалување на платите. Особено засегнати сектори се образование, производство, грижа и нега на деца и стари лица, туризам и угостителство, одржување хигиена итн. Односно, дејности во кои главно се вработени жените. Жените, исто така, имаат помалку пристап до социјална заштита и ќе сносат несразмерен товар во економијата на грижа, во случај на затворање на училиштата или системите за грижа. На овој начин се зголемува економската несигурност на жените, особено на ранливите категории жени како: самохрани мајки, жртви на семејно насилство, жени од рурални средини и жени од малцинските групи во нашата земја.
Периодот на карантин, изолација, социјална дистанца и затворање или ограничување на работното време на голем број институции ја усложни положбата на голем број жени. Голем дел од работничките беа, и се принудени да работат од дома. Дополнително, училиштата, градинките и другите центри за згрижување деца беа целосно затворени во одредени периоди или работеа/работат со скратено работно време, а потребата од социјално дистанцирање ја скрати поддршката и од најблиското семејство (баби, дедовци и останати роднини), со што жените се принудени да се грижат за децата и домот додека истовремено ги извршуваат работните задачи. Ако се земе предвид дека најголем дел од обврските во домот ги вршат жените, може да се заклучи дека се зголемува обемот на неплатена работа и обврските помеѓу кои жените мора да балансираат и тоа го зголемува родовиот јаз во земјата.
Имајќи ја предвид сериозноста на последиците кои се предизвикани од пандемијата со ковид-19 и неизвесноста околу траењето на истата се појавува потреба од ревизија законската регулатива и документите кои се однесуваат на жените и нивните работни ангажмани, пред се́ на Законот за работни односи и пакет мерките за помош и справување со актуелната пандемија.
Овој труд има за цел да даде анализа на ефектите од пандемијата со ковид-19 врз женскиот работен труд, да укаже на потребите од родова перспектива во креирање политики и инструменти за помош и поддршка на жените и да даде препораки во насока на унапредување на рамнотежата помеѓу работата и семејство во услови на криза и генерално...

**Клучни зборови**: ковид-19 пандемија, работни односи, род, семејно-работна рамнотежа, родова нееднаквост.

## 1. ВОВЕД

Семејствата денес се соочуваат со многу предизвици како: сиромаштија, невработеност, социјална заштита, проблеми во бракот и со родителството, родова нееднаквост, семејно насилство, баланс помеѓу работата и семејството, итн. Иако овие предизвици претставуваат товар на сите членови во семејството, родовата нееднаквост и стереотипите во нашето општество го зголемуваат притисокот врз жените. Денес, кога се соочуваме со пандемијата на корона вирусот овие предизвици добиваат ново значење.
Првите податоци за појавата и ширењето на корона-вирусот се појавија во јануари 2019-та година во Кина. Веќе во март 2020-та година беше прогласена светска пандемија од страна на Светската здравствена организација. Пандемијата освен последици врз здравјето на луѓето, предизвика социо-економски последици. Заради брзото ширење на вирусот многу земји беа принудени да воведат целосни или делумни ограничувања во движењето на луѓето, карантин, изолација, затворање на училиштата и градинките и други јавни установи со цел локализирање на заразата и што е можно поголема одржливост на здравствениот, економскиот и социјалниот систем во услови на пандемија.
Во Северна Македонија првиот случај со корона вирус беше регистриран на 26 февруари 2020 година, а до денес, 21.01.2021 се регистрирани 89 560 случаи, од кои 51% се жени (Влада на Република Северна Македонија, 2021). За овој период двапати беше прогласена вонредна состојба во нашата земја со цел заштита и справување со пандемијата. Првпат на 18 март 2020 година, во времетраење од 30 дена, потоа повторно на 17 април (30 дена), продолжена дополнително со 14 дена по истекот на првичните 30 дена, и повторно прогласена осумдневна вонредна состојба на 15 јуни заради овозможување на непречена подготовка на изборите во вонредни околности и пандемија со КОВИД-19.5 (Влада на Република Северна Македонија, 2020). Исто така, неколку пати беше воведувано целосно или делумно ограничување на движењето на граѓаните (полициски час).
Во согласност со препораките на СЗО и препораките на Комисијата за заразни болести, Владата на Северна Македонија на 11 март, 2020 година ги затвори сите градинки, средни и основни училишта и високообразовни институции, а на 24 март донесе уредби со законска сила за законите за основно и средно образование каде се задолжуваат училиштата да го организираат процесот на образование преку учење на далечина (учење од дома) преку средства за електронска комуникација (Светска здравствена организација, 2020).

Во исто време, Владата даде препорака до работодавачите нивните вработени да ја организираат работата од дома, така што голем број работници подолг период ги извршуваа работните обврски од дома, а некои сé уште работат од дома.

Периодот на карантин, изолација, социјална дистанца и затворање или ограничување на работното време на голем број институции ја усложни положбата на голем број жени. Голем дел од работничките беа, и се принудени да работат од дома. Дополнително, училиштата, градинките и другите центри за згрижување деца беа целосно затворени во одредени периоди или работеа/работат со скратено работно време, а потребата од социјално дистанцирање ја скрати поддршката и од најблиското семејство (баби, дедовци и останати роднини), со што жените се принудени да се грижат за децата и домот додека истовремено ги извршуваат работните задачи. Ако се земе предвид дека најголем дел од обврските во домот ги вршат жените, може да се заклучи дека се зголемува обемот на неплатена работа и обврските помеѓу кои жените мора да балансираат и тоа го зголемува родовиот јаз во земјата.

## 2. АКТУЕЛНА СОСТОЈБА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД И ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

Генералната анализа на пазарот на труд покажува позитивни тенденции. Вкупната стапка на невработеност континуирано се намалува од 36.7% во 2006-та година, до 17.8% во 2019-та година. Ако се разгледа невработеноста според пол, можеме да видиме дека невработеноста на жените исто така, се намалувала во последниве неколку децении и дека не постојат големи разлики помеѓу машката (22,26%) и женската (20.53%) невработеност (Завод за статистика на Република Северна Македонија, 2019). Она што загрижува е ниското учество на жените на пазарот на труд. Само 42.72% жени се активни на пазарот на труд, додека за мажите, овој процент изнесува 67.51 % ( Завод за статистика на Република Северна Македонија, 2018). Што се однесува до изминатава година, се забележуваат негативни тенденции. Ако се анализираат податоците од анализата на работната сила од Заводот за статистика на Република Северна Македонија за последните тримесечја во 2019 и 2020-та година, може да се заклучи дека вработеноста и воопшто економската активност на населението се намалиле во изминатава година). Вкупната стапка на вработеност за третото тромесечје во 2020-та година изнесува 46.6%, наспроти 47.4% во 2019-та, додека вкупната стапка на невработеност изнесува 16.5% во 2020-та наспроти 17.1% во 2019-та. Стапката на вкупна активност изнесува 55.8 % во 2020-та наспроти 57.2% во 2019-та година. Анализирано според пол, стапката на вработени мажи за 2020-та година е 54.9% наспроти 56.9% во 2019-та, стапката на невработени мажи во 2020-та 17.0 %, наспроти 15.4% во 2019-та, а вкупната активност 66.2% во 2020-та, а, 67.3% во 2019-та година. Што се однесува до жените, стапката на вработеност во 2020-та 38.2%, во 2019 38.0%. Невработеноста во 2020 та 15.9%, а во 2019-та 19.5%, додека економската активност е 45.5% во 2020, а 47.1% во 2019 година (Завод за статистика на Република Северна Македонија, 2021).

Интересно да се забележи дека вкупната стапка на вработеност и економски активност на населението се намалила како ефект на економската криза предизвикана од пандемијата. Меѓутоа, иако стапката на невработени мажи се зголемува, податоците за невработени жени покажуваат дека стапката на невработени жени се намалила. Со оглед на тоа што и стапката на економски активни жени се намалила, може да се заклучи дека пандемијата негативно влијае на и онака ниското учество на жените на пазарот на труд.

Останатите податоци кои говорат за родовите нееднаквости на пазарот на труд се однесуваат на неформалната економска активност на жените, пониските работни места, плати и неплатената работа.

Жените (особено жените од рурални средини) работат како куќни помошнички, дадилки и слични професии при кои не се формално вработени, или пак, се дел од семејни бизниси или земјоделски работи, каде што само мажот е вработен/пријавен. Многу студии потврдуваат дека непопустливото ниво на непријавена работа е 34.9% од бдп (Eurofound, 2013). Со отпочнувањето на пандемијата со КОВИД-19 , периодите на карантин и социјална дистанца, голем број од овие ангажмани беа оневозможени, со што може да се претпостави дека приходите кои овие жени ги примале се намалени или не постојат.

Дури и жените кои се формално вработени заработуваат 15% помалку од мажите, а овој јаз се зголемува и до 28.4 % кај лицата со пониско образование. Жените пак се мнозинство во секторите образование, услужни дејности, нега и грижа, туризам, здравство, социјална заштита. Според процените на Меѓународната организација на трудот (2018), 58,6% од вработените жени работат во услужниот сектор ширум светот, наспроти 45,4% од мажите. Но, и во преработувачката индустрија како што е текстилната индустрија каде работат 24 проценти од вработените жени и најголемиот број од нив (87 проценти) земаат плати пониски од просечната плата во земјата (Реактор, 2020). Ако се земе предвид дека голем број од овие сектори се најпогодени од Ковид кризата и како последица бележат намалување на платите, може да се заклучи дека финансиските загуби на жените се поголеми од тие на мажите.

Друг проблем кој треба да се акцентира е неплатената работа во домот. Неплатената работа во домот доминантно ја извршуваат жени, односно ги извршуваат домашните обврски (готвење, чистење, перење, одржување на домаќинството и сл.), грижата за децата, како и грижата за возрасните и лицата на кои им е потребна нега и поддршка. Последните проценки за земјата покажуваат дека жените во Северна Македонија извршуваат 72,5 проценти од неплатената работа во домот и грижата за децата што значајно влијае на нивните можности и преостанато време за извршување на платена работа, кариерен развој или пак поголемо учество во јавниот живот, волонтерски или други активности од интерес (Jacques, 2019). Со почетокот на ширењето на Ковид 19 обемот на неплатена работа која ја вршат жените се зголемува заради тоа што најголем дел од семејството е постојано во домот (се зголемуваат обврските околу готвење и чистење). Ангажманот околу образованието на децата е многу поголем како последица на предизвиците на online наставата. Дополнителен товар претставува и грижата за заразените/ болни членови во семејството која најчесто паѓа на товар на жените. Ваквата состојба дополнително ја зголемува економската неактивност на жените што се потврдува со горенаведените статистички показатели.

Од друга страна, заради мерките за заштита од ширење на корона вирусот, голем дел од вработените жени, беа и се принудени да ја вршат работата од дома. Затворените училиштата, градинките и другите центри за згрижување деца и неможноста за добивање поддршка од најблиското семејство околу грижата за децата и зголемениот обем на домашни обврски ја усложнија положбата на жените и можноста/неможноста да балансираат помеѓу работата и семејството. Дополнителен проблем е недоволната законска определеност на работата од дома и непостоење на договори за вработување кои се однесуваат на прецизирање на правата и обврските на работниците чиишто работни задачи се остваруваат во нивниот дом. Оттаму, тешко се разграничува работното време со приватно/семејно време, прекувремената работа, условите и средствата за работа, спреченоста за извршување на работните задачи итн.

## 3. ПАКЕТ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА СО КОВИД-19

Како одговор во справувањето со социо-економските ефекти од пандемијата, Владата на Северна Македонија усвои четири пакети на мерки за поддршка на граѓаните и стопанството. Во мерките кои се опфатени со овие пакети спаѓаат мерки за поттикнување на економијата (фискални и монетарни), поддршка на бизнисите и задржување на работните места, мерки во сферата на социјалната заштита за најранливите граѓани, мерки за заштита на здравјето и безбедноста на работниците, како и мерки за стимулирање на потрошувачката на граѓаните и развој и подобрување на конкурентноста на македонските бизниси.

Како родово сензитивни можат да се оценат мерката која обезбедува право за ослободување од работа на еден од родителите поради грижа за дете со возраст до 10 години (или активно 4 одделение) се додека трае кризниот период, а отсуството од работа на овие работници да биде евидентирано како оправдано. Во пракса оваа мерка е повеќе користена од вработените жени (Реактор, 2020). Сепак оваа мерка не беше почитувана од некои работодавачи и голем број од жените беа принудени да продолжат со работа и покрај тоа што немаа кој да се грижи за нивните деца.

Други родово насочени мерки донесени со почетокот на кризата се отворање на линија за поддршка на бремени жени, како продолжувањето на платеното породилно отсуство кое завршува во кризните месеци со почетокот на кризата, како и ослободувањето од работа на лица со хронични состојби и лица со попреченост. Во третиот пакет првпат се издвојуваат економски мерки со посебен фокус на жените и се однесуваат на бескаматни кредити и делумно неповратни средства (30 проценти грант) за микро и мали компании кои се водени или основани од жени.

Сепак, анализата на мерките покажува дека мерките во основа се генерални и се однесуваат поголема група граѓани, а мал е бројот на мерките кои се родови таргетирани или исклучиво насочени кон жените. Не постојат информации кои укажуваат дека при планирањето и дизајнот на економските мерки се направени родови проценки и анализи за потенцијалното влијание и импактот на мерките на жените и мажите во земјата, имајќи ги предвид постојните родови нееднаквости во економската сфера во пред-кризниот период (UN Woman, 2020). Се смета дека недостасуваат посебни таргетирани мерки за жените кои се дел од неформалната економија, земјоделките, самохраните мајки (вдовици, еднородителски семејства), жртвите на насилство и семејно насилство, вработените во производствените капацитети и есенцијалните сектори изложени на постојан ризик од заразата но, и ризик од губење на работните места (Gender Budget Watchdog Network, 2020). Како и тоа дека некои од мерките се неприменливи, задоцнети и нема соодветна евалуација за нивно спроведување.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Може да се заклучи дека двата главни проблеми на родовата перспектива на работните односи се однесуваат на економската неактивност на жените и балансот помеѓу работата и семејството. Родовите нееднаквости во нашата земја се континуирани од осамостојувањето на нашата земја и се должат пред се на:

Традиционалните сфаќања за улогата на жената како мајка и домаќинка;

Родови стереотипи при избор на образование и женски професии кои се помалку атрактивни за работодавачите;

Репродуктивната улога на жената;

Миграциите;

Ограничените можности на жените да балансираат помеѓу работата и семејството.

Позитивен напредок претставува солидната законска рамка и стратешките документи за недискриминација и учество на жените на пазарот на труд. Во Република Северна Македонија постои широка правна рамка со која се регулираат прашањата за еднаквите можности, недискриминацијата и учеството на жените на пазарот на трудот. Постојат одредби во повеќе закони со кои се забранува дискриминацијата и се промовира еднаквоста на жените и мажите. Постои посебен закон со кој се регулираат еднаквите можности на жените и мажите, како и закон за заштита и спречување од дискриминација. Постојат национални политики, стратешки документи кои предвидуваат активности од областа на родовата еднаквост и подобрување на состојбата на жената на пазарот на трудот. Сепак, потребно е континуирано следење на имплементација и примена на одредбите од широката правна рамка од страна на комисија за евалуација на правната рамка која предвидува еднакви можности меѓу мажите и жените и заштита од дискриминација на пазарот на труд. Уште пред појавата и ширењето на Ковид-19, индексот на родова еднаквост на Северна Македонија покажува дека најголемите родови разлики меѓу жените и мажите се во поглед на економската состојба и пристапот до финансиски ресурси, каде жените во просек имаат пониски нето-приходи и помали заработувачки споредено со мажите, а со тоа се во поголем ризик од сиромаштија споредено со мажите. Од досегашната состојба со сигурност можеме да забележиме дека ефектите од корона вирусот се далекусежни и ги надминуваат здравствените импликации. Негативните последици врз економијата како и несразмерниот товар во домашните обврски ја зголемуваат економската несигурност на жените, особено на ранливите категории жени како: самохрани мајки, жртви на семејно насилство, жени од рурални средини и жени од малцинските групи во нашата земја. Зголемените обврски во домот, дополнителниот ангажман околу образованието на децата, како и грижата за болните членови ги “врза” жените во домот и придонесе за уште поголема неактивност на пазарот на труд. Неизвесноста околу траењето на пандемијата со ковид-19 и новите околности на пазарот на труд бараат подобрување на законската регулатива за работа од дома и посериозен пристап кон родово-сензитивни мерки за остварување на семејно-работна рамнотежа.

Препораките се однесуваат на следниве аспекти:

Дополнување на Законот за работни односи со член за работа од дома во вонредни услови (И кога нема договор за вршење на работа од дома);

Дополнување на колективните договори со анекс на постоечките договори (за прецизирање на правата и договорите за вршење работа од дома);

Подобро водење на статистики кои се основа за креирање на родово-сензитивни политики (За ова е потребно итно донесување на Законот за попис). Пописот на населението треба да се спроведе пред сé со цел да се утврди точна бројка на работоспособно население, а потоа за креирање политики и мерки во сите области во општеството;

Подобрување на условите за остварување на семејно-работна рамнотежа (подобар пристап до градинки и училишта во рурални средини, подобрување на квалитетот на услугите во градинките како на пример поголем број на кадар по дете, квалитет на храна, продолжување на работното време на градинките , градинки кои работат 24/7, промовирање на концептот за рано учење, споделено родителско отсуство. Со цел подобро постигнување семејно-работна рамнотежа кога е потребно извршување на работните задачи од дома, се препорачува обезбедување на семејни асистенти за помош во домот и околу грижата за децата како дел од социо-економските мерките за справување со Ковид 19;

Креирање јавна платформа за мотивација на членовите на семејството да им помагаат на жените во домот. Оваа препорака е клучна за подигање на свеста и промоција за улогата на жената во современ контекст, професионално профилирање (како работник, претприемач, политичар, лидер, управител итн). Оваа препорака треба да се остварува преку едукација, рекламни пораки и медиумски кампањи.

**ЛИТЕРАТУРА**

Башевска, М. (2020). Влијанието на Ковид-19 врз жените и мажите во Северна Македонија. UN woman.

Влада на Република Северна Македонија. (2021). Официјални статистика за Коронавирусот во Македонија. https://koronavirus.gov.mk/stat

Влада на Република Северна Македонија. (2020). Одлука за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија. https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Uredbi_Covid19/25_Sednica_21-03-2020/sednica_25_21.03.2020_odluka_za_zabrana_i_poseben_rezhim_na_dvizhenje_na_teritorija_na_rsm.pdf

Влада на Република Северна Македонија. (2020). Ивадок од Нацрт-записник од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 11 март 2020 година, достапно на https://bit.ly/3dEzNAP; Уредби со законска сила за примена на Законот за основно образование и Законот за средно образование, 2020 (Службен Весник на Република Северна Македонија, бр. 76/20).

Меѓународна организација на трудот. (2018). Работа на грижа и работни места на грижа за иднината на пристојната работа. Меѓународна организација на трудот, Женева.

Реактор. (2020). Истражување во акција: Дали е среќен 8 март? Реактор. https://bit.ly/31r7iV0

Реактор. (2020). Истражување во акција: Платена и неплатена работа, родово-базирана дискриминација и работнички права во време на КОВИД-19. https://bit.ly/2BiuFoX

Eurofound. (2013). Tackling undeclared work in Croatia and four EU candidate countries. Eurofound, Dublin

Gender Budget Watchdog Network in Albania, Bosnia and Herzegovina, Kosovo, North Macedonia, Montenegro, Serbia, Republic of Moldova, Ковид 19 и родот (второ издание). (2020). http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/2.0-Covid-19-%D0%B8-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD.pdf

Jacques, C. (2019). The Unpaid Care Work and the Labour Market. An analysis of time use data based on the latest World Compilation of Time-use Surveys. International Labour Office, Geneva. https://bit.ly/3824AoA

World Health Organization. (2020). Strategic preparedness and response plan.